**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**

**- Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој –**

**Бр. 11-1442/3**
**Од 30.05.2025 година**

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 171/24,224/24 и 40/25), градоначалникот на Општина Чучер Сандево донесе:

# О Д Л У К А
## За организирање на јавна анкета и јавна презентација на изготвен Урбанистички план за вон населено место за дел од КО Побожје, Општина Чучер Сандево, предлог план, плански период 2020-2025

Член 1

**Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен Урбанистички план за вон населено место за дел од КО Побожје, Општина Чучер Сандево, предлог план, плански период 2020-2025.**

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на општина Чучер Сандево и во информацискиот систем е-урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на општина Чучер Сандево.

Член 3

Јавната анкета и јавната презентација на изготвен Урбанистички план за вон населено место за дел од КО Побожје, Општина Чучер Сандево, предлог план, плански период 2020-2025, ќе се спроведе со излагање на предлог планот во информацискиот систем е-урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на општина Чучер Сандево.

**Јавната анкета ќе трае 30 дена и тоа од 19.06.2025 година (четврток) и истиот ќе трае до 21.07.2025 година (понеделник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 3 јули (четврток) во 11:00 часот во просториите на општина Чучер Сандево.**

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем е-урбанизам и во просториите на Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој на општина Чучер Сандево.

Член 5

Заинтересираните граѓани и правни лица можат да ги доставaт своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма преку архива во времетраењето на јавната анкета.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**Изработил:**
Бојана Палифровска, миа

BOJANA PALIFROVSKA

Digitally signed by BOJANA PALIFROVSKA
DN: C=MK, OID.2.5.4.97=VATMK-4030004559674 + O=OPShTINA ChUChER SANDEVO, OU=OPShTINA ChUChER SANDEVO:4030004559674, G=BOJANA + SERIALNUMBER=CRT3737780 + SN=PALIFROVSKA + CN=BOJANA PALIFROVSKA
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2025.06.02 10:04:15+02'00'
Foxit PDF Reader Version: 12.0.1

**Градоначалник на Општина Чучер Сандево**
Сашко Комненовиќ

SAShKO KOMNENOVIKj

Digitally signed by SAShKO KOMNENOVIKj
DN: C=MK, OID.2.5.4.97=VATMK-4030004559674 + O=OPShTINA ChUChER SANDEVO, OU=OPShTINA ChUChER SANDEVO:4030004559674, G=SAShKO + SERIALNUMBER=CRT3635329 + SN=KOMNENOVIKj + CN=SAShKO KOMNENOVIKj
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2025.06.02 10:04:39+02'00'
Foxit PDF Reader Version: 12.0.1